Жарко Трајаноски
Марија Тошева
Славчо Димитров
Хајди Штерјова Симоновиќ



Борба за правата на сексуалните работници во Македонија:

Одговор на сексуалните работници и на граѓанските организации на полициската акција „Сузбивање на улична проституција“

www.hops.org.mk



Жарко Трајаноски
Марија Тошева
Славчо Димитров
Хајди Штерјова Симоновиќ

Борба за правата на сексуалните работници во Македонија:

Одговор на сексуалните работници и на граѓанските организации на полициската акција „Сузбивање на улична проституција“

ХОПС – Опции за здрав живот Скопје
Скопје, 2015

Издавач
Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

За издавачот
Христијан Јанкулоски, извршен директор, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

Наслов
Борба за правата на сексуалните работници во Македонија: Одговор на сексуалните работници и на граѓанските организации на полициската акција „Сузбивање на улична проституција“

Автори
Жарко Трајаноски
Марија Тошева
Славчо Димитров
Хајди Штерјова Симоновиќ

Уредник
Жарко Трајаноски

Лектура
Весна Костоска

Дизајн
Социјален Маркетинг ХОПС

Печати
Курајбер Принт

Цитирајте ја оваа публикација на следниов начин:
Трајаноски, Жарко, Тошева, Марија, Димитров, Славчо и Штерјова Симоновиќ, Хајди. Борба за правата на сексуалните работници во Македонија: Одговор на сексуалните работници и на граѓанските организации на полициската акција „Сузбивање на улична проституција“. Скопје: Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, 2015.

Содржина

Научени лекции 6

Обучете го и подгответе го тимот однапред 6

Дејствувајте во коалиција со други и почитувајте ги различностите на членовите на коалицијата 6

Градете кредибилитет пред интернационалните партнери 7

Ставете ги разликите во корист на стратешкото планирање 7

Инвестирајте време во градење релации со заедницата и одржувајте отворена комуницијa 8

Овозможете соодветна поддршка на жртвите на злоупотреба и на тимот што работи во први редови 8

Направете јасна поделба на одговорностите 8

Бидете претпазливи во комуникацијата со медиуми 9

Инвестирајте во градење релации со медиумите за време на криза и пред тоа 9

Документирајте ја медиумската покриеност во секој момент 10

Временска рамка на критичните моменти и сведоштва од клучните актери 11

Ден потоа: присилно тестирање на сексуалните работнички 13

Итна средба со народниот правобранител 15

Првите односи со медиумите 16

Посета на Инфективната клиника 17

Медиумиски шокови 18

Реакции по медиумскиот шок. Што да се прави? 20

Охрабрување на жртвите 21

Улогата на медиумите во случајот „Улична проституција“ 22

Координиран одговор на предизвиците 29

Правна помош и застапување на жртвите 33

Видеозастапување 40

1. Научени лекции

Членови на ХОПС и колегите-истомисленици кои се здружија за да ја формираат Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ се соочија со низа предизвици како последица на полициската рација кон сексуалните работници во 2008 година. Овие активисти на Коалицијата извлекоа значајни лекции од своето искуство кое го преточија тука во форма на препораки со цел да се овозможат ефективни акции во случај на идни кризи.

Обучете го и подгответе го тимот однапред

Организациите што работат со правата на припадниците на маргинализирани групи треба континуирано да вложуваат време и екпертиза во развојот на капацитетите на тимот, да препознаат прекршување на човекови права и други кризни ситуации, да идентификуваат стратегии за заштита на правата, да соберат клучни играчи и да реагираат навремено и на организиран начин.

Препорачливо е да се има доверливи адвокати веќе вклучени во тимот за да се обезбеди навремена правна помош во случаи на криза. Да се има тим од адвокати наспроти еден адвокат овозможува да се подели товарот од работата и овозможува да се придонесе со различност од искуства и од знаења.

Дејствувајте во коалиција со други и почитувајте ги различностите на членовите на коалицијата

Поддршката и ангажираноста на што повеќе актери со различна експертиза и домен на работа се клучни за успешна акција и овозможуваат да се направи широк и стабилен фронт на поддршка за жртвите на злоупотреба и за нивната кауза.

Партнерствата мора да се градат пред да случи некоја криза. Во нашата ситуација, инвестирањето и градењето на партнерства со различни организации/ индивидуи низ годините беше пресудно за брза мобилизација.

Почитувајте го принципот на солидарност. ЛГБТ популацијата, лицата кои живеат со ХИВ, групите на сексуални работници од различни региони, корисниците на дроги, активистите за човекови права, сите оние кои се подложни на нееднаков третман и/или се борат против социјална неправда стојат заедно од солидарност без оглед на потесните или на пошироките

интереси за застапување на одделната група. Давајќи поддршка на другите, придонесуваме да добиеме мрежа на поддршка кога нам ќе ни биде потребна.

Во градењето на коалиции, вклучете мрежи на различни групи и индивидуалци. Во овој случај, тоа што во Коалицијата беа вклучени лица со различни ресурси значеше пристап до клучни информации и ресурси за акција.

Вклучувајте се во различни национални и интернационални мрежи и листи на е-пошта. Развивајте канали за комуникација преку кои во случај на криза итно можат да се мобилизираат партнери.

Инволвирајте ги сите мобилизирани партнери уште во почеток или што порано во процесите, вклучувајќи ги и донорите, за сите еднакво да го чувствуваат процесот како свој.

Градете кредибилитет пред интернационалните партнери

Градете кредибилитет меѓу интернационалните партнери преку одговорно партнерство и присуство во дискусии, настани, е-комуникација (е-пошта, социјални медиуми како Фејсбук, Твитер). Во светот секојдневно се случуваат различни настани и апели за поддршка, меѓутоа во одлуката дали ќе се преземе акција големо влијание има и кредибилитетот и легимитетот на тој што апелира.

Ставете ги разликите во корист на стратешкото планирање

Со оглед дека локалниот фронт за поддршка го сочинуваа организации и индивидуалци со различни искуства и пристап во работата, во неколку наврати се поставуваше прашањето кој пристап за акција да се преземе, што значеше жестоки дискусии и потреба од усогласување и донесување консензус меѓу сите инволвирани страни. Прашањата дали кога би се одело со улични акции/протести или претставки се доволни, дали да се комуницира писмено или усно со институциите, каков тон и аргументи да се користат во медиумите, колкав и каде точно да биде притисокот врз институциите и слично се неминовни прашања за кои различни индивидуи имаат различно мислење. Во нашата ситуација, познавањата на функционирањето на системот, познавањето на клучните актери и нивните меѓусебни влијанија, претходните искуства во тестирањето на механизмите и на односот на институциите, но и комбинирањето на различни пристапи во различни ситуации помагаа да се донесе консензус за релативно брзо време. Значи познавањето на контекстот на македонското општество беше клучно за дефинирање на пристапот за акција.

Инвестирајте време во градење релации со заедницата и одржувајте отворена комуницијa

Во застапувањето на правата на заедницата на сексуалните работници/-чки клучни за успех беа пристапот, силните врски и заедничка доверба од самата заедницата. ХОПС (Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје) е сервисна организација што долги години блиску соработува и ја ужива довербата на заедницата со што се овозможи директен увид и следење на потребите на засегнатите лица и постојана координација и фидбек за нивните потреби за застапување. Оваа динамика исто така му помогна на тимот од ХОПС да избегне ретрауматизирање на жртвите од злоупотреба, особено во релациите со медиумите и со публицитетот на случаите. ХОПС имаше можност да прави приоритет на потребите на сексуалните работници пред другите интереси, како што е желбата за поголем медиумски мониторинг врз судските случаи, благодарение на директниот контакт со сексуалните работници и увидот во нивните потреби и приоритети.

Довербата на сексуалните работници во теренските работници и во правните советници од Здружението беше клучна за тие да одлучат да покренат судски постапки. Уште повеќе, добрата комуникација меѓу теренските работници, правниот тим и сексуалните работници се покажа како клучна за успешна соработка и одржување мотивираност низ долгогодишните судски процеси.

Овозможете соодветна поддршка на жртвите на злоупотреба и на тимот што работи во први редови

Кога барањето на правда за прекршување човекови права се базира на мотивацијата на жртвите да покренат судски постапки против државните институции, активистите од здруженијата на граѓани и донаторите треба да обезбедат навремено бесплатна правна помош и психосоцијална поддршка за жртвите со цел да ја олеснат нивната партиципација.

На лицата изложени на најголем притисок од страна на јавноста и на институциите треба да им се дава посебна поддршка и грижа. Тие треба да бидат навремено и целосно информирани и ослободени од дополнителни организациски обврски за да можат целосно да се посветат на јавното или на правното застапување на правата на сексуалните работници.

Направете јасна поделба на одговорностите

Важно е да се постави систем на координирање со партнерите, споделување на одговорностите и на информациите. Потребно е да се назначи координатор (лице кое би ги собирало сите информации, би водело белешки, би ги распространувало нив и

би се грижело за деталите), лице одговорно за интернационална комуникација и лице кое ќе го документира целиот процес. Ова би ги превенирало пропустите во комуникација и во координација.

Бидете претпазливи во комуникацијата со медиуми

Уште на почетокот создадете тим за односи со јавноста што ќе го координира и подготвува настапот на медиумите.

Секоја дадена изјава и испратено соопштение до медиумите мора да бидат концизни и јасно промислени. Треба да се внимава на секој збор, со цел да се избегне можноста за лесно манипулирање на дадените информации, кратење на пренесената порака и нејзина сензационалистичка злоупотреба.

Одлуката дали ќе се реагира и како ќе се реагира (со изјава, соопштение, прес-конференција или на друг начин) зависи од конкретниот предизвик со кој се соочуваме. Сепак итното реагирање преку медиумите е суштинско за да се избегне опасноста од губење на интерес кај медиумите за темата и за да се превенира окупирање на јавното мислење со манипулативни информации и сензационалистички прикази.

Не треба да се вложува време и напор во прекажување на изјавите на владините претставници или во убедување на академиците и на другите експерти во одмерување на контроверзните прашања, како на пример тие вклучени во рацијата и присилното тестирање на сексуалните работнички. Најважно е да се овозможи гласот на сексуалните работници кои се жртви на насилство и малтретирање да биде слушнат.

Кога се продуцираат видеа за застапување мора да се обрне внимание да се заштити безбедноста на сексуалните работници – жртви на насилство – вклучени во видеото и да се заштити нивниот идентитет доколку тоа го бараат.

Генерално видеографичарите мораат внимателно да ги селектираат информациите и да избегнат сензационалистичко промовирање на материјалот. Препорачливо е да се презентираат видеа пред таргетирана публика наспроти пред општа популација. Треба да се има предвид дека видеата или други алатки за застапување можат да имаат ефект на исходот од судските случаи.

Инвестирајте во градење релации со медиумите за време на криза и пред тоа

Време и напор треба да се вложи во градење релации на доверба со претставници на медиумите. До новинарите треба да се допре преку работилници за сензитивизација и едукација, преку одржување контакт-листи и преку споделување информации и информативни материјали. Целта е да ги трансформираме

новинарите и медиумите во наши клучни партнери и соработници. Директните и лични контакти со новинарите наспроти само потпирање на соопштенија до медиуми и јавни изјави можат да создадат нови и значајни можности да се пласираат нашите информации преку медиумите. Уште позначајно е дека со медиумите мора да се работи постојано бидејќи се менуваат новинарите, се менуваат уредниците, доаѓаат нови новинари итн. Ваквата пракса мора постојано да се обновува на годишно ниво.

Коалицијата многу брзо забележа дека медиумите одиграа клучна улога во случајот „Улична проституција". Членовите на Коалицијата требаше да одлучат дали да ги користат медиумите како алатка за притисок вез релевантните институции или да се фокусираат врз контрола на штетата направена со негативните медиумски извештаи. Членовите заклучија дека иако најголем дел од медиумите не беа на страната на жртвите (сексуалните работници), максимален напор треба да се вложи во нивно преобратување барајќи од нив да го почитуваат Етичкиот кодекс на новинарите и на членовите од Законот што ја штитат приватноста на жртвите.

Документирајте ја медиумската покриеност во секој момент

Кога станува збор за прекршување на права од медиумите, неопходно е да се документираат сите аудио, видео и печатени материјали што можат понатаму да бидат потребни како докази во судските постапки.

Во тимот за односи со јавноста треба да има лица кои ќе имаат капацитет да спроведуваат мониторинг на медиумите, да ги документираат релевантните содржини, вклучувајќи и пресклипинг, и да ги идентификуваат манипулациите и повредите на човекови права од страна на медиумите.

2. Временска рамка на критичните моменти и сведоштва од клучните актери

Полицијата приведе сексуални работници и активистка на ХОПС која работи на превенција на ХИВ и на СПИ и ги прекрши правата на сексуалните работници во акцијата „Улична проституција“.

20.11.2008 година

19:00 ч.: *Во близина на МАНУ, основните судови 1 и 2, МТВ и Кеј „Димитар Влахов“, пристигнале полициски сили и припадници на единицата „Алфи“ кои лишиле од слобода поголем број сексуални работнички од отворената скопска сцена.*
19:00–19:30 ч.: На истата локација приведена е и вработена активистка во ХОПС која во тој период делела кондоми и брошури со едукативна содржина за заштита од ХИВ/СИДА. Активистката е приведена и покрај тоа што ги покажала личната карта и легитимацијата од ХОПС.

21:00 ч.: *Активистката од ХОПС ја информирала по телефон правната советничка дека е приведена во ПС Бит-пазар заедно со други девојки.*

21:00–21:15 ч.: *Откако го информирала тимот на ХОПС, правната советничка Хајди Штерјова Симоновиќ се јавила во ПС Бит-пазар и побарала вработената во ХОПС да биде пуштена на слобода.*
21:30 ч.: Вработената во ХОПС е пуштена на слобода. По телефон информирала дека била наводно приведена заради утврдување на идентитет и ја известила дека сексуалните работнички останале во полициската станица и дека им рекле дека ќе бидат пуштени за неколку часа.

21:30–1:00 ч.: *Дел од девојките биле малтретирани од страна на Полицијата. Не им бил овозможен контакт со адвокат. Најмногу биле малтретирани девојките–корисници на дрога кои западнале во кризи и имале потреба од медицинска помош. Медицинска помош била повикана само во еден случај, но не биле дадени соодветни здравствени услуги. Сексуалните работнички биле сослушувани, фотографирани, снимани и подложени на разни други форми на понижувачки третман од страна на Полицијата.*

Кога точно дозна и од кого дека имало апсење на сексуални работнички пред Младинскиот културен центар?

Хајди Штерјова Симоновиќ (правна советничка во ХОПС): „Беше четврток, се сеќавам убаво, 20 ноември 2008 година, околу девет часот навечер. Ми се јави теренската работничка од ХОПС, која во четврток дели брошури за клиенти на терен. Целата во паника ми кажа дека заедно со триесетина луѓе биле уапсени и однесени во ПС Бит-пазар. Ми кажа дека се обидела да се легитимира со лична карта и со легитимацијата од ХОПС, но дека воопшто не сакале да разговараат, ја пикнале во комбето и ѝ рекле дека ќе се легитимира таму кај што треба. Воопшто не им било кажано каде ги носат, зошто ги носат и кој ги носи. Ме замоли да ја извадам од полициската станица. Ја прашав кои други се таму, ама не можеше да ми каже затоа што скришно се јавуваше од мобилен."

За МВР, сексуалната работа е „социопатолошка појава" и „занает".
Според соопштението на МВР, континуираната акција „Улична проституција" започнала на 20.11.2008 година со цел „сузбивање на социопатолошка појава"– „зачестена појава на женски и машки лица кои даваат сексуални услуги за одреден паричен надоместок на подрачјето на ПС Бит-пазар."
МВР соопшти дека „против лицата кои се занимаваат со сексуални услуги во вид на занает ќе се поднесат прекршочни пријави по членот 19 од Законот за прекршоци против ЈРМ во кој за оддавање на проституција е предвидена глоба во висина од 600 до 800 евра."

Што преземе прво откако ја дозна информацијата за полициската рација?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Се јавив прво кај Кате, која тогаш беше социјална работничка на терен. Накусо ѝ објаснив што се случило. Веднаш потоа ја известив и Марија, директорката на Програмата за сексуалните работници во ХОПС. Се договоривме прво да се обидам да се јавам како адвокат во полициската станица, дали ќе можам да ја ослободам уапсената теренска работничка. Доколку не успеам, да отидам лично во полициската станица. Се јавив во полициската станица и се претставив како адвокат на уапсената теренска работничка. Им кажав дека е вработена во невладина организација. Ми рекоа: Тука нема никој од невладина организација. Има само курви и педери."

И, како реагираше на ваквите дискриминаторски забелешки?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Им реков дека тоа не е точно. Им укажав дека клиентката ми се јави на телефон. Кога увидоа дека имаме информации, ме поврзаа со некој од инспекторите. Никој не се претстави по телефон, до ден денес не знам со кого имам разговарано во полициската станица. Ги прашав инспекторите по кој основ е приведена мојата клиентка. Ми рекоа дека ја привеле само за да ја легитимираат и дека набргу ќе ја пуштат."

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Не, воопшто не сакаа да разговараат на таа тема. Воопшто не сакаа да кажат ни зошто Мариче била приведена, ни зошто биле приведени останатите лица во истата рација. По 15 до 20 минути ми се јави Мариче да ми каже дека ја ослободиле. Ја прашав што се случува со уапсените сексуални работнички, ми рече дека и нив ги носеле да дадат изјава и дека најверојатно ќе ги пуштат откако ќе направат записници. Немаше никаква паника, ништо од што би можело да се насети што ќе се случува подоцна таа ноќ."

Криминализација на сексуалните работнички
Иако најголем дел од лицата беа приведени поради сомненија дека сториле прекршок („поради сомненија дека се оддавале на проституција"), МВР се обиде да ги прикаже прекршителите како криминалци, правејќи криминалистички профил за целата група: „Сите се исклучително лошо материјално ситуирани, а против нив и досега во повеќе наврати за истото дело биле поднесувани кривични и прекршочни пријави." Формулацијата дека „за истото дело" се поднесувани и кривични пријави и прекршочни пријави укажува дека МВР го поистовети оддавањето на проституција (прекршок) со посредувањето (кривично дело).

Ден потоа: присилно тестирање на сексуалните работнички

21 ноември 2008 година

9:30 ч.: *Добиена е информација од Инфективната клиника дека Полицијата најавила дека ќе донесе дваесетина девојки на тестирање за ХИВ/СИДА и хепатит Ц. Од Инфективната клиника побарале од Полицијата согласност од девојките за тестирање.*

10:00–11:00 ч.: Правните советнички го подготвија писмото што го опишува настанот и сите прекршувања сторени во постапката на приведување, на лишување од слобода и за планираното тестирање на Инфективната клиника. Писмото е планирано да се пушти до сите релевантни институции што треба да бидат известени за случајот.

12:00 ч.: Добиена е информација од Инфективната клиника дека Полицијата донела судски налог и дека тестирањата се започнати.

12:00–14:30 ч. (приближно): Девојките се носеле во неколку групи на Инфективната клиника. Група новинари собрани во кругот на Инфективната клиника ги снимале сексуалните работнички кои отворено протестирале против акцијата пред медиумите.

Првите информации следниот ден, на што укажуваа?

Марија Тошева (во тоа време програмска менаџерка во ХОПС за Програмата за поддршка на сексуални работници и нивни семејства, во моментот офицер за застапување во SWAN): „Следниот ден добив информација од колега од ХОПС дека се јавила една личност поврзана со Инфективната клиника и дала информација дека најверојатно сексуални работнички ќе бидат носени на тестирање од страна на Полицијата. Наводно, по внатрешна консултација во Клиниката, на МВР им било одговорено дека според протоколите тестирање не се прави без согласност од клиентите. Од МВР одговорот бил дека тогаш ќе обезбедат судски налог по што и нема да се бара согласност од клиентите. Значи во тоа време уште не беа почнати тестирањата. Имавме само навестувања. Уште не бевме сигурни ни дали Полицијата ќе донесе судски налог."

Кога доби информации дека не станува збор за вообичаена полициска рација?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Следниот ден, околу пладне, ми се јави Марија од ХОПС на телефон. Ме извести дека девојките сè уште не се пуштени од полициска станица и дека им дојавиле дека сите ќе ги носат на тестирање за ХИВ и други преносливи инфекции во Инфективна клиника. Е, тогаш како да ме удри нешто, и ми стана јасно што била целата работа што се случуваше вчера, дека не било само приведување за два-три часа. Тогаш почнавме да контактираме преку телефон со цел да се организираме за да видиме како да постапиме."

Какви акции беа преземени во тој момент?

Марија Тошева: „Иако во тој момент немавме информации дека се случува присилно тестирање, алармот веќе беше кренат. На сите ни беше јасно дека присилно тестирање не смее да се случи. Првпат се соочувавме со такво нешто. Но, по 10 години работа на проблематиката, ако ништо друго ни беше јасно дека такво нешто не смее да се случи. Првичната идеја ни беше како присилното тестирање да се превенира. Тогаш сè уште имавме илузија дека ако преземеме нешто, ако му укажеме на МВР дека прават големо прекршување на правата, сето тоа ќе заврши со среќен крај. Пак ќе потсетам, провејуваше цело време тоа неверување дека такво нешто навистина може да се случи кај нас бидејќи десет години работевме на градење на систем со Министерството за здравство. Постои национален координативен механизам, постојат протоколи, усогласување на законска регулатива... И сега, наеднаш, таков преседан."

На 21 ноември 2008 година, во 12.45 часот, на сајтот на тогаш најпопуларната А1 ТВ е објавен прилог „Приведени над 20 луѓе поврзани со проституција".
Во прилогот е наведено: *„Проститутките моментно се наоѓаат во Државна болница каде им се вршат здравствени прегледи, соопштија од МВР".*

Кога се отрезнивте од првичното неверување, што презедовте конкретно?

Марија Тошева: „Тогаш почнавме да се мобилизираме, спонтано. Немавме дилема кој треба да биде ангажиран, оти малкумина се луѓето кои се активни на тоа поле и кои имаат капацитет, можност и интерес да работат. Сите кои беа информирани се појавија за половина час во канцеларијата на ХОПС – членови од поширок круг на ХОПС, правниците, членови од Коалицијата (Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“), од членки на Коалицијата, ХЕРА (Асоцијација за здравствена едукација) на пример. Почнавме со бура на идеи за тоа што да се прави веднаш. Имаше различни идеи, но тргнувајќи од желбата да превенираме присилно тестирање, почнавме да изготвуваме писмени известувања за случајот со барање да запре процедурата – до Основен суд (како даватели на судскиот налог), до Клиника за инфективни болести, до МВР, до народниот правобранител. Дури се изготвуваа писмата и се праќаа по факсовите, беше проценето дека можеби народниот правобранител е тој што може најдиректно да интервенира и дека не треба да чекаме на писмен одговор, туку лично да се обратиме за итно да се преземе акција.“

Итна средба со народниот правобранител

12:30 ч.: *Закажана е итна средба по телефон со заменик-народниот правобранител.*

13:00–14:00 ч.: *Циркуларно писмо е испратено до сите релевантни институции со барање да преземат активности за заштита на правата на сексуалните работнички во рамките на нивните надлежности. По факс, по пошта или директно во архива е доставено писмото до: народниот правобранител, претседателот на Основен суд 1, Секторот за внатрешна контрола при МВР, Хелсиншкиот комитет за човекови права, Одделението за имплементација на активности поддржани со грант од Глобален фонд за ХИВ/СИДА и Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Македонија – Одделение за владеење на правото.*

13:45 ч.: *Правните советнички на ХОПС и директорката на Програмата за сексуални работници одржаа средба со заменик-народниот правобранител. Апелираа народниот правобранител да преземе дејствија во најкраток можен рок, но добија инструкција да поднесат претставка по викендот, на 24 ноември 2008 година.*

Што беше преземено по дознавањето дека сексуалните работнички ги носат на присилно тестирање за ХИВ и за СПИ?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Се договоривме заедно со другата правничка и директорката на ХОПС да одиме директно кај народниот правобранител и да го известиме дека во тек е

присилно тестирање на дваесет и неколку луѓе против нивната волја. Значи, ако можат да го спречат прекршувањето на нивните права.“

И, како помина состанокот?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „На состанокот нè прими заменик-народниот правобранител Танушевски. Усно му ги изнесовме информациите што ги имавме, дека во тек е прекршување на повеќе човекови права на повеќе луѓе. Побаравме од нив како институција за заштита на човековите права да реагираат благовремено. Меѓутоа, откако стрпливо нè ислуша заменик-народниот правобранител, добивме одговор дека веќе е петок, почеток на викенд, два и пол часот и дека тој не може да преземе сега никакви активности на терен. Нè советуваше в понеделник да поднесеме писмена претставка по која ќе постапуваат. Ние се обидевме пак да интервенираме и да потенцираме дека во моментот се случуваат прекршувањата, но воопшто немаше интерес кај народниот правобранител за итна реакција.“

Марија Тошева: „Самата средба беше многу поразителна и депресивна. Многу тешко ја доживеавме таа средба затоа што ни се скрши илузијата дека присилното тестирање може да се спречи. Во тие моменти почнаа да пристигнуваат и информациите дека присилните тестирања веќе се случуваат, дека девојките ги носат во групи на Инфективна клиника и дека се тестираат. И тука имаше еден момент на емотивен шок...“

Присилно тестирање поради сомненија за свесно пренесување на „полови и вирусни заболувања“

Како официјална основа за полициската интервенција МВР наведе постоење „одредени индиции дека овие лица можно е да се носители и на разни полови, односно сексуално преносливи заразни болести кои свесно ги пренесуваат на други лица што се коси со постојните закони на РМ“. Повикувајќи се на чл. 205 од КЗ, а наводно по консултација со Обвинителството, МВР обезбеди „судска наредба да се изврши лекарски преглед над горенаведените лица со кои би се потврдиле или отфрлиле сомненијата дека истите се носители на полови и вирусни заболувања и истите свесно ги пренесуваат над лицата со кои сексуално општат“.

Првите односи со медиумите

12:30–13:30 ч.: *Коалицијата го подготви првичното соопштение до печатените и до електронските медиуми во кое укажа на бројни повреди на човековите права на сексуалните работнички.*

13:30–14:00 ч.: *Испраќање на соопштението до медиумите.*

14:00–14:15 ч.: *Членови на Коалицијата контактираа телефонски со четворица новинари и уредници на печатени медиуми со апел соопштението на Коалицијата да биде земено како релевантен извор на информации за акцијата „Улична проституција“.*

———

Во кој момент сфати дека полициската акција „Улична проституција“ е голем предизвик за Коалицијата?

Славчо Димитров (извршен директор на Коалицијата): „Па, утредента, по вечерашното апсење... дознавме дека медиумите имаат информација дека девојките биле задржани цела вечер и дека ќе бидат присилно носени на тестирање. Тогаш дефинитивно сфативме дека ова ќе биде голем случај... Сега бевме свесни дека имаме процес во кој ние сме директни актери кои имаат прилика да спречат повреди на човековите права што се во тек.“

И, какви акции беа преземени во обидот да се превенираат тековните повреди на човековите права на сексуалните работнички?

Славчо Димитров: „Одлучивме да испратиме неколку официјални писма до надлежните институции, покрај првичното соопштение до медиумите со минималниот фонд информации што ги имавме, а што ги собравме од различни контакти, вклучително и од уапсената теренска работничка од ХОПС. Се сеќавам дека прилично внимававме како да го формулираме соопштението до медиумите. Укажавме дека има индикации за прекршување на цела серија човекови права во целата акција на МВР.“

Посета на Инфективната клиника

21 ноември 2008 година

14.30 ч.: *Директорот на Коалицијата и консултантот за човекови права ја посетија Клиниката за инфективни болести и лично се сретнаа со раководното лице кое ја спровело судската одлука за присилно тестирање на сексуалните работнички.*

———

Славчо Димитров: „Откако подготвивме барања за информации до надлежните институции, одлучивме заедно со консултантот за човекови права да одиме директно во Инфективна клиника за да разговараме со одговорните лица во советувалиштето на ХЕРА. Отидовме со намера да прибереме детални информации како дошле од МВР, дали имале судски налог, како им било дозволено да извршат тестирање, односно дали имало прекршувања на правата и на кој начин биле вршени за да можеме поконкретно да дејствуваме.“

Какви беа твоите впечатоци од посетата?

Славчо Димитров: „Па, тоа беше една средба што беше прилично збунувачка. Претпоставувам и тие беа прилично збунети. Беа исплашени за целата ситуација. Ни дадоа некакви информации поврзани со судскиот налог, односно дека го контактирале директорот на Клиниката за да добијат дозвола за почеток на тестирањето, дека од Полиција првин немале налог, па не им било дозволено тестирањето, а откако по кратко време издејствувале налог тестирањето било започнато. Знам дека имаше и некои штури информации за тоа како се одвивало тестирањето. Некои од девојките одбивале да бидат тестирани. Целата ситуација беше прилично нејасна. Можеби и нашиот настап таму беше малку агресивен, па беа исплашени дека ќе се најдат во незгодна ситуација. Меѓутоа, добиените информации беа толку штури што само ни ги продлабочија сомнежите."

Народниот правобранител потврди дека Инфективната клиника „претходно одбила присилно да изврши какви било медицински интервенции, но потоа врз основа на судскиот налог била принудена да ги изврши бараните анализи".

Медиумиски шокови

21 ноември 2008 година

16:00 ч.: *Ударна вест на дневникот на ТВ СИТЕЛ е координираната акција за сузбивање на улична проституција на МВР. Девојките се прикажани додека биле во Полиција и како влегуваат во просториите на Инфективна клиника без затскривање на нивниот идентитет.*
Прикажан е и одговорот на министерката за внатрешни работи Гордана Јанкулоска на новинарското прашање дали оваа Влада можеби ќе донесе закон за легализација на проституцијата. Министерката објасни дека во идеологијата на демохристијанските партии, односно партиите десно од центарот, легализацијата на проституцијата не е дел од политичката агенда.
На сајтот на МВР е објавена информацијата „Прес МВР: СВР Скопје започна со координирана акција за сузбивање на уличната проституција", со најава дека таа „ќе продолжи во континуитет".

13:00–23:00 ч.: *Во текот на целиот ден, во канцеларијата на ХОПС се јавуваа новинари во врска со случајот. Веста за координираната акција за сузбивање на улична проституција од страна на МВР беше топ вест на сите вечерни информативни емисии и во дел од дневните весници утредента.*

Славчо Димитров: „По посетата на Инфективна клиника

отидовме сите групно во Капиштец, во центарот на ХОПС, за да ги гледаме таму вестите и да видиме какви информации ќе пренесат медиумите. И тогаш доживеавме уште еден комплетен шок кога видовме на вести како е изведена целата процедура: од снимањето, до носењето на Инфективна клиника, па прикажувањето на нивните лица (немаше никакво покривање), како ги третираа кога ги носеа, реакциите на девојките кои се гледаа на камерите... целиот третман, со Марица... ми доаѓаат уште тие слики, се сеќавам на видеоприлозите. Тогаш сфативме дека ова е надвор од секаква мерка и дека тука има сериозен случај. Кога ги изгледавме вестите сите се вративме назад во канцеларијата на ХОПС за да видиме што може да се прави следно. Од вестите имавме подетални информации бидејќи претходно цело време бевме во лимбо ситуација, со парцијални информации од повеќе страни.“

Снимки од МВР

Уште во првичното соопштение на МВР се објавени фотографии на осомничените сексуални работнички, на кои се замаглени делови од лицата. МВР дозволува снимање на осомничените сексуални работнички во просториите на полициската станица, снимки што се објавени подоцна во некои од медиумите без никаква заштита на идентитетот на осомничените лица.

Изложување на јавна љубопитност на уапсените сексуални работнички пред Инфективната клиника

МВР ги информирала медиумите за местото и за времето во кое сексуалните работнички ќе бидат спроведени на присилно тестирање во Инфективната клиника. Иако сексуалните работнички јасно дале на знаење дека не сакаат да бидат снимани и фотографирани пред влезот во Инфективната клиника, никој не презел никакви мерки за заштита на нивното право на приватност како пациенти. Медиумите објавија сензационалистички фотографии и видеоснимки што не ги претставуваат сексуалните работнички како жртви на присилно тестирање и полициско изложување на јавна љубопитност, туку како криминалци кои се осомничени за тешки кривични дела и кои се однесуваат недолично кон медиумите.

Какви беа впечатоците по гледањето на првите вести?

Марија Тошева: „Мислам дека тоа беше повикот за будење – свесноста за сериозноста на ситуацијата. Се собравме во еден од дневните центри на ХОПС, каде што беа собрани поголем број луѓе покрај тимот. Почнаа вестите со ударна вест: Уапсени проститутки, клиенти и макроа – со драматична музика и со кадар на девојките пред Инфективна клиника како ги буткаат од полициско комбе кон вратата. Девојките беа видно изреволтирани, викаа, постоеше тензична, нервозна атмосфера. Девојките ги гледавме со лика и прилика. Тоа беа истите девојки што до вчера ги гледавме на улица или во дневниот центар.

Тогаш емоциите преовладаа кај мене... Имаше драма, едноставно. Буквално, со солзи во очите, со сè. Сите бевме шокирани откако го изгледавме прилогот. Имаше минута-две мртва тишина кога никој не се дрзна нешто да каже. Дел од тимот на ХОПС, кои ги знаеја девојките, очигледно подраматично го восприемавме тој дел, мислам дека во тој момент дури се парализирав соочена со прашањата 'И сега, што следно? Што треба да сториме сега?' Ми требаше време да ги процесирам и емоциите и драмата што ја видов пред очи. Дури тогаш вистински се соочив со целата сериозност на ситуацијата.
За среќа, во тимот имаше и луѓе кои беа потрезвени, па малку презедоа лидерска улога – пред сè, консултантот на Коалицијата и претставничката на Фондацијата Отворено општество Македонија. Препознавајќи ја сериозноста на ситуацијата веднаш укажаа: Во ред, имаме конкретни решенија за проблемот. Имаме конкретни модели за поддршка, како да пристапиме – со цел да се смири тензијата."

Реакции по медиумскиот шок. Што да се прави?

22 ноември 2008 година

11:00–13:00 ч.: *Одржан е состанок меѓу членките на Коалицијата и претставници на Фондацијата отворено општество, на кој е ветена бесплатна правна помош за сексуалните работнички кои ќе бидат мотивирани да покренат постапка за заштита на нивните права.*
13:30–18:30 ч.: Подготовка за прес-конференција. Изготвување на список од прашања до сите релевантни институции.

18:00-21:00 ч.: *Теренските работници на ХОПС излегоа на местото каде што претходната вечер беа приведени сексуалните работници/-чки. Контактирани се девојките кои беа приведени претходната вечер. Девојките пријавија малтретирање од страна на Полицијата.*

18:45 ч.: *Доставена е Покана за прес-конференција до медиумите за наредниот ден од страна на Коалицијата за заштита и промоција на сексуалните и на здравствените права на маргинализираните групи.*

19:00–21:00 ч.: *Се остварија телефонски контакти со новинари и уредници со апел да присуствуваат на итната прес-конференција.*

20:00–24:00 ч.: *Коалицијата изврши мониторинг на информативните ТВ-емисии и на печатените дневни весници. Се анализираа и соопштението на МВР, како и изјавите на официјалните лица.*

———

Марија Тошева: „Првиот предизвик беше како да им се пристапи на медиумите со цел да се чуе и другата страна што не беше

воопшто застапена. Вториот предизвик беше како да се дојде до девојките, до жртвите, со цел да се чуе нивната приказна. Теренските тимови беа подготвени, излегоа на терен, но најголем дел од девојките не беа излезени на работа таа вечер, освен две-три. Со дел од девојките контактиравме по телефон. Преовладуваше чувство на депресија и тегобност. Некои од нив беа преморени и без сила да зборуваат. Некои од нив беа премногу изреволтирани и гневни на ХОПС генерално бидејќи ние засега сме единствениот нивен линк со институциите. Досега, секогаш кога имале потреба од некаква заштита, ние сме биле тука. Овој момент го доживеаја како наше нереагирање, како наше потфрлање и оставање без заштита.“

Како реагираше Коалицијата откако стана јасно дека акцијата „Улична проституција“ е вест на денот и дека медиумите не реагираа на прекршувањето на човековите права?

Славчо Димитров: „Па, прво свикавме состанок на сите членки на Коалицијата за да се договориме како ќе реагираме. На состанокот во саботата одлучивме дека прво што треба да се направи е да се свика итна прес-конференција. Главната причина беше тоа што информациите што излегоа на медиумите беа првенствено информации што излегоа на сајтот на МВР, со фотографии од МВР и со снимките од Инфективната клиника. Нашето соопштение до медиумите воопшто не беше објавено на телевизиите и на електронските медиуми така што доминираше перспективата на МВР. Затоа решивме да свикаме итна прес-конференција, за наредниот ден, на која ќе ги ставиме под сомнеж информациите објавени од МВР и од страна на медиумите. Целта беше да упатиме конкретни прашања до сите надлежни институции и да ги посочиме бројните индиции за прекршување на човековите права врз основа на информациите што ги имавме тогаш.“

Охрабрување на жртвите

22 ноември 2008 година

18:00-21:00 ч.: *Теренските работници контактираа со повеќето приведени сексуални работнички. По понудата за бесплатна правна помош, 13 сексуални работнички се согласија да иницираат правни постапки за заштита на нивните права.*

Кога првпат стапи во контакт со приведените сексуални работнички?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Бев известена дека девојките биле многу лути и разочарани од ХОПС, зошто не сме реагирале, зошто сме ги оставиле во полициска станица, зошто сме ги оставиле да ги тестираат и да ги снимаат, дека биле многу лути на нас. Тогаш, во саботата вечер, одлучивме како правник да излезам

на терен за да ги смириме девојките и да земеме изјави на лице место, додека сè уште се свежи сеќавањата. Целта беше прво да се информираме за сите аспекти на рацијата, па потоа да видиме какви правни постапки можат да се преземат.“

Какви сознанија доби од интервјуата со нив?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Девојките во детали раскажаа што им се случувало, а јас ги запишував изјавите на кои потоа се потпишаа. Во секоја од изјавите имаше различни моменти, но генерално дојдовме до следново сознание: дека на сите им биле прекршени повеќе човекови права. Сите биле нехумано и понижувачки третирани во полициската станица, а тие што биле кориснички на дроги биле оставени во апстиненцијални кризи. Тие што имале други здравствени проблеми исто така биле оставени без соодветна медицинска грижа. Не им било дозволено да повикаат адвокат, не знаеле зошто се приведени, колку време ќе ги држат, дека ќе ги тестираат, ниту дека постои судска наредба за тестирање. Не им дозволиле да ги известат своите блиски. Не им бил дозволен контакт со нивните фамилии кога некои дознале каде се наоѓаат. Биле оставени без храна, без вода. Биле претресувани во присуство на мажи...“

На што беа најмногу револтирани сексуалните работнички?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Беа револтирани од целокупното постапување на Полицијата, но најмногу од снимањето во полициската станица (како биле подредувани, небаре овци или убијци, или најголеми криминалци – како што самите се изразуваа). Исто така беа многу револтирани и од снимањето пред Инфективната клиника каде што буквално биле опколени, како што самите кажуваа, и малтретирани од новинари, а потоа и од прикажувањето на снимките во медиумите.“

Дали знаеја во тој момент за што биле уапсени?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Не, ниту тие ниту ние од ХОПС, сè до добивањето на обвинителниот акт за кривично дело не знаевме што беше целта на целата рација.“

Улогата на медиумите во случајот „Улична проституција“

На одржаната конференција за медиумите имаше големо присуство на медиуми, а укажувањата за прекршување на човековите права на сексуалните работнички беа едни од ударните вести во медиумите.

Беше поднесена претставка до Здружението на новинари на Македонија (Судот на честа), со барање итно да реагираат и да преземат мерки за оние медиуми што ги прекршија човековите права на сексуалните работнички (заштита на идентитетот,

почитување на приватноста и дискриминаторски говор).

Беше поднесена претставка до Дирекцијата за заштита на личните податоци, во однос на прекршувањето на правата на сексуалните работнички во медиумските прикази.

Беше одржана обука за новинари за нивна сензитивизација при известување за проблеми што ги засегаат маргинализираните заедници, вклучително и сексуалните работници/-чки.

Беше реализирано истражување на тема „Медиумите, недискриминацијата и маргинализираните заедници“, проследено со серија обуки за новинари, и јавни дебати на тема претставувањето на сексуалните работнички во медиумите.

Каква улога имаа медиумите во случајот?

Славчо Димитров: „Медиумите имаа клучна улога поради две причини. Прво, уште на самиот почеток се покажа дека тие претставуваат фактор што многу лесно може да се сврти против нас. Првото прикажување на случајот беше со стигматизирачки и деградирачки термини за сексуалните работнички, немаше заштита на нивната приватност и имаше дословно пренесување на информациите од МВР без никаков критички увид во нив, без истражувачки пристап и без да нè консултираат. Од друга страна, медиумите ни беа единствената алатка со која во тој момент можевме да извршиме притисок и преку кои можевме да пренесеме во јавноста поинакви информации за самиот случај и за приведувањето на сексуалните работнички.“

Скенирана насловната на „Вест“: „Курвите со пендрек на преглед“

Дали беше задоволен како на почетокот медиумите ја третираа Коалицијата како извор на информации за случајот „Улична проституција“?

Славчо Димитров: „Зависеше од медиум до медиум. Дел од медиумите, по нашите реакции, направија корекција во начинот на нивното известување за случајот. Но, дел од нив продолжија со лошото прикажување. Дури и оние што почнаа да нудат малку поинаков и подобар приказ, честопати ги искривуваа информациите што им ги нудевме, лошо монтираа и оставаа погрешен впечаток.“

Каков ефект имаше првичното соопштение до медиумите, испратено уште кога присилното тестирање беше во тек?

Славчо Димитров: „Ургентното соопштение, во кое укажавме на бројните индиции за прекршување на човековите права, наиде на слаб одзив во медиумите што, во меѓувреме, продолжија со сензационалистичкиот пристап на известување. Сфативме дека мора повторно итно да се реагира, со прес-конференција. Сфативме дека мора да им понудиме на медиумите поинакви информации и да ги идентификуваме критичните места во приказната. Се договоривме да упатиме серија прашања не само на институциите, туку и на медиумите што веќе имаа направено низа прекршувања на човековите права на сексуалните работнички.“

Кои фактори придонесуваат за успешни односи со медиумите?

Славчо Димитров: „Во вакви ситуации, кога се гледа дека медиумите имаат сензационалистички пристап и кога ги прикажуваат информациите само на едната страна – МВР, јасно е дека не може да се очекуваат големи ефекти од регуларниот начин на комуникација со медиуми – регуларно пуштање на соопштенија, давање информации и изјави итн. Затоа клучни во оваа ситуација ни беа личните контакти со новинарите. Уште по првичното испратено соопштение лично беше контактирано со одредени новинари, а со цел да го објават во нивните медиуми. Второ, бидејќи прес-конференцијата беше ургентно свикана во толку краток рок, повторно беа искористени личните контакти за да се мобилизираат новинарски тимови што би дошле на самата прес-конференција. Во целата ситуација, и за успехот на прес-конференцијата, најмногу придонесоа токму овие лични контакти со новинари и со уредници.“

На кој начин беше ставена под сомнеж полициската верзија на настанот, што претходно воопшто не беше преиспитувана од страна на новинарите?

Славчо Димитров: „Тимот што веднаш го формиравме направи увид во целата ситуација и ги идентификуваше дупките во изјавите на МВР, во изјавите на другите институции и во прилозите на новинарите. Беше изготвена цела серија од неколку страници прашања до надлежните институции. Во прашањата се укажуваше на бројни пропусти, на бројни индиции за повреди

на човековите права, како и на молкот на институциите што беа одговорни, а не реагираа. Поставивме јавно прашања до нив, барајќи одговор. Конечно беа упатени прашања до самите медиуми и до начинот на кој известуваа за целиот настан. Сите демократски фактори беа јавно повикани на одговорност со апел да преземат конкретни мерки што се во нивна надлежност."

Дали по прес-конференцијата имаше видливи промени во начинот на претставувањето на сексуалните работнички чии права беа повредени при акцијата „Улична проституција"?

Славчо Димитров: „Прес-конференцијата беше исклучително значајна. Уште истиот ден јавноста доби поинаква слика за целиот случај. Се стекна впечаток дека има некој кој покажува поинаква перспектива на настаните, дека има некој кој критикува и дека нешто очигледно не е во ред со целата акција. Ги отвори јавно прашањата кои ние ги поставивме... Исто така новинарите почнаа и да се јавуваат во нашите организации за да побараат информации за случајот, а тоа не беше случај претходно кога нè игнорираа и се потпираа целосно на информациите добиени од МВР. Не само прикажувањето, туку и квантитетот и квалитетот на информациите се смени по прес-конференцијата, иако останаа уште проблематични места што се однесува до начинот на претставувањето."

---

23 ноември 2008 година

Сексуалните работнички не се криминалци

Коалицијата за промоција и за заштита на сексуалните и на здравствените права на маргинализираните заедници побара одговорност од МВР по акцијата „Улична проституција" бидејќи, според нив, сексуалните работнички не се криминалци. Во Коалицијата, што ја сочинуваат неколку невладини организации, сметаат дека во рамките на спроведувањето на целокупната акција од СВР Скопје биле забележани серија груби процедурални грешки, злоупотреба на службената должност и флагрантни кршења на основните човекови и здравствени права на сексуалните работнички.

Коалицијата праша зошто МВР ги третира сексуалните работници како криминалци, а не како потенцијални прекршители, ставајќи ги во ист кош со осомничените за кривични дела.

Кои беа клучните прекршувања на човековите права од страна на медиумите при нивното известување за акцијата „Улична проституција"?

Славчо Димитров: „Прекршувањата на човековите права, како и најпроблематичните места во однос на претставувањето на случајот и на сексуалните работнички, можеме да ги согледаме на неколку нивоа.

Прво, користењето на МВР како еден и единствен извор на информации. Значи, негирање на какви и да било други информации, неконсултирање на невладиниот сектор за

целата ситуација, како и отсуство на истражувачки пристап за случајот. На пример, кога медиумите пишуваа 'ја поминаа ноќта во полициска станица', не се запрашуваа дали е регуларно некој да ја помине целата ноќ во полициска станица без соодветно образложение. Немаа истражувачки, ниту критички пристап, и се потпираа само на информациите од МВР.

Второ, воопшто не ги заштитија личните податоци на сексуалните работнички при прикажувањето на рацијата и присилното носење на медицинско тестирање. Односно, беа снимани нивните лица, беа снимани нивните зборови, комплетно можеше да се открие идентитетот, што беше целосно спротивно на Законот за заштита на личните податоци.

Понатаму, повторно користеа стигматизирачки и деградирачки термини при именувањето на сексуалните работнички. Имаше претставување што беше ужасно многу морализирачко, во кое се осврнуваа на социјалниот статус, на личниот бекграунд на сексуалните работнички, а со цел да се придобие популистичката наклонетост во известувањето. Исто така манипулираа со куп стереотипи, претставувања од типот 'камењарки', 'дамите на ноќта' итн."

„Алфите" ги собраа дамите на ноќта од скопскиот центар, Нова Македонија, 22–23 ноември 2008 година

Хроника

Телефон: ++389 (0)2 5511711
Факс: ++389 (0)2 5511733
E-mail: hronika@novamakedonija.com.mk

„Алфите" ги собраа дамите на ноќта од скопскиот центар

Дали триесетината уапсени проститутки имале сексуално преносливи болести ќе се знае по една недела, велат лекарите

Бранислав Захев

Екипи на МВР во организирана акција вчера ноќ привеле триесетина проститутки, затекнати како им нудат сексуални услуги на своите муштерии во близина на зградата на Македонската радио телевизија. Судската палата и адвокатската улица- места кои со години важат за нивна територија за работа. Освен проститутките во полициската станица Бит-пазар се нашле и двајца макроа, но и осколкумина муштерии, кои биле затекнати како ги задоволуваат своите страсти со „дамите на ноќта".

Сепак, по извршените проверки клиентите биле пуштени, а во полициската станица Бит пазар биле задржани дваесет и три проститутки и двајцата лични макроа, уапсени додека ги надгледувале своите штитенички. Покрај деветте бил приведен и дваесет и единаесетгодишен Ромин, кој ги возел проститутките биле на возраст меѓу дваесетиосет и педесет и една година. Покрај двајцата макроа, пред истражен судија ќе бидат изведени и уште седум проститутки.

- На Клиниката беа донесени дваесет и едно женско лице. По епидемиолошките индикации лекарите утврдиле дека треба да се изврши задолжителен медицински преглед. Ако се утврди дека некоја од нив е заразена со сексуално преносливи болести, ќе биде поднесена кривична пријава за прекршување на заразна болест за која е предвидена казна затвор од една до три години.

Казна од 600 до 800 евра ќе биде казната за уапсените проститутки

Какви чекори беа преземени за заштита на повредените права на сексуалните работнички од страна на медиумите?

Славчо Димитров: „Најургентно, уште првиот ден кога беа објавени личните податоци на сексуалните работнички, беше пратена претставка до ЗНМ, до Судот на честа, со барање итно да

реагираат и да преземат мерки за оние медиуми што ги прекршија нивните права. Одговорот на ЗНМ беше позитивен и беше експлицитно кажано кои медиуми ги прекршиле кои човекови права. Тоа беше едната инстанца. Другата исклучително важна инстанца беше Дирекцијата за заштита на лични податоци каде што веднаш беше поднесена претставка со барање да ја испита целата ситуација и да ги санкционира медиумите што ги прекршија човековите права на сексуалните работнички."

Советот на честа на ЗНМ, на 28 ноември 2008 година, оцени дека „генерално електронските медиуми пропуштија дополнително да ги затемнат ликовите од снимките добиени од МВР од Клиниката за инфективни болести и со тоа не ја исполнија обврската да го заштитат идентитетот на приведените". Според Советот на честа на ЗНМ „нарушени се членовите 7 и 10 од Кодексот што бараат новинарите да ја почитуваат приватноста на личноста и да не создаваат информации што ги загрозуваат човековите права и слободи". Во спротивност со Кодексот на новинарите, како што укажа Советот на честа, е и „начинот на известувањето и дискриминирачката терминологија што беа употребувани во некои новинарски прилози".

Каков беше исходот од овие постапки? Исто така, дали бевте задоволни од исходот?

Славчо Димитров: „Од реакцијата на ЗНМ бевме задоволни, но не и од фактот дека немаат ингеренции да санкционираат, какви што има Дирекцијата за заштита на лични податоци. Во Дирекцијата за заштита на лични податоци имаше промени во раководството, што предизвика и промени во однос на случајот. Тие ни одговорија негативно, што имаше ужасни последици за натамошниот дел од постапката."

Какви лекции научи Коалицијата за улогата на медиумите? Каков однос треба да имаме кон медиумите при вакви флагрантни прекршувања на човековите права?

Славчо Димитров: „Би посочил на неколку лекции. Првата е дека мора да се реагира секогаш ургентно и да се искористат сите постоечки контакти бидејќи мобилизацијата на медиумите уште од самиот почеток е клучна, во спротивно ситуацијата може да излезе целосно од контрола.

Втората лекција е дека со медиумите мора да се биде цело време многу внимателен кога се дава некоја изјава. Само еден збор повеќе во изјавата, и тој може да биде исечен и медиумите да прикажат сосема поинаква и погрешна слика за настанот, сосема различна од иницијалната намера на дадената изјава. Трето, мора да се работи долгорочно со медиумите. Новинарите мора стратешки да се обучуваат, да се сензитивизираат за проблематиката и поактивно да се вклучат во она што го работиме. Токму затоа одлучивме да направиме дополнително истражување на медиумското претставување на сексуалните

работнички и врз основа на тоа истражување да се спроведат обуки, како и дискусии со новинарите и со уредниците. Конечно, согледавме дека комуникацијата со медиумите мора да се одржува многу почесто и континуирано за постепено да можат да развијат чувство за проблематиката.

Откако ги спроведовме истражувањето и работилниците со новинарите и со уредниците, веднаш бевме сведоци на позитивни исходи. Дел од новинарите објавија самостојни истражувачки прилози за сексуалната работа. Кај некои веќе се забележуваше и промена на терминологијата.

Со медиумите мора да се работи постојано бидејќи се менуваат новинарите, се менуваат уредниците, доаѓаат нови новинари. Ваквата пракса мора постојано да се обновува на годишно ниво ако сакаме да имаме позитивен долгорочен учинок врз новинарите и врз медиумското претставување на сексуалната работа и на сексуалните работници.“

Силни критики за МВР поради неетичкото приведување: Проститутките ќе ја тужат Полицијата (насловна страница на „Време“, 22 декември 2008 година)

Понеделник, 22 декември 2008 МАКЕДОНИЈА

СИЛНИ КРИТИКИ ПРОТИВ МВР ПОРАДИ НЕЕТИЧКО ПРИВЕДУВАЊЕ

Проститутките ќе ја тужат полицијата

Писмото до македонската влада со остри критики за полицијата го испратија и потпишаа 30 меѓународни организации, меѓу кои и „Хјуман рајтс воч“ и Канадската правна мрежа за ХИВ/СИДА

Емилија Стефанова

Петнаесет проститутки поднеле приватни тужби за Министерството за внатрешни работи за насилно приведување и принудување да извршат лекарски прегледи. Како што информираат од невладината организација „Хопс“, со тоа на девојките и жените приведени во ноемвриската акција на полицијата им е нарушена приватноста.

„Хјуман рајтс воч“, пак, ја осуди полицијата дека ги прекршила човековите права при приведувањето на триесетината проститутки во ноември годинава. Меѓународната организација во писмото до Владата реагира дека МВР ги принудило приведените да направат здравствени прегледи, а потоа противзаконски јавно ги објавило резултатите. Организацијата бара Владата во иднина да обезбеди согласност од тие што треба да се тестираат и да се гарантира

И меѓународните организации ја обвинија полицијата за приведувањето на проститутките

се наведува во писмото испратено на Меѓународниот ден за борба против насилството врз сексуалните работници - 17 декември.

Полициското однесување, стои понатаму во реакцијата, резултираше со пре-

вршат здравствени тестови и да обезбеди претходна согласност при идните испитувања за сексуално преносливи болести, советување пред и после самото тестирање, како и да гарантира доверливост за резулта-

Исто така, од власта се бара „да ја гарантира физичката безбедност на уапсените сексуални работници, вклучувајќи ги и тие што ќе бидат ослободени од притвор, да покренат активна истрага против насилството и малтретирањето на

24 ноември 2008 година

Коалицијата достави известување и писмено барање до претседателката на Постојната анкетна комисија за заштита на слободите и на правата на граѓаните при Собранието на РМ.

24 ноември 2008 година

Коалицијата достави претставка до претседателката на Судот на честа при Здружението на новинари на РМ.

26 ноември 2008 година

Коалицијата испрати Извештај за случај и повик на реакција до сите интернационални институции и претставници во и надвор од земјава.

28 ноември 2008 година

Коалицијата учествуваше на состанок со претставници на УНАИДС, УНДП, УНФПА, УНДП, СЗО.

4 декември 2008 година

Членови на Коалицијата одржаа средба со шефот на Кабинетот на министерот за здравство и со координаторот на Единицата за имплементација на грантот за ХИВ/СИДА поддржан од ГФАТМ.

5 декември 2008 година

Членови на Коалицијата одржаа состанок со портпаролот на МВР и со одговорното лице на Секторот за внатрешна контрола на МВР.

12 декември 2008 година

Членови на Коалицијата одржаа состанок на Националниот координативен механизам за ХИВ/СИДА на РМ.

23 декември 2008 година

Членови на Коалицијата учествуваа на втор состанок на Националниот координативен механизам за ХИВ/СИДА на РМ на кој министерот за здравство повторно не беше присутен.

Јануари/февруари 2009 година

Коалицијата одржа состанок на партнерите – имплементатори на Националната програма за ХИВ, на активностите поддржани од ГФАТМ, како и со регионалниот супервизор на ГФАТМ.

Акцијата „Улична проституција“ беше еден од најголемите предизвици не само за ХОПС, туку и за Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“. Како одговоривме на тој предизвик?

Марија Тошева: „Па, крајниот резултат сугерира дека добро одговоривме. Меѓутоа, од почетокот до крајниот резултат имаше многу предизвици и одлични работи, но и пропусти што треба да се анализираат за да видиме до каде сме и што сме, и што можеме да научиме од целата ситуација. Целата група на поддршка немаше еден официјален координатор. Секогаш кога се зборува за група на поддршка се поставува прашањето како се координира таа група, кој ја сноси одговорноста, како се споделува таа... Меѓутоа, во нашата ситуација немавме назначен координатор. Тоа не беше проект со однапред подготвени ресурси и канали за комуникација. Беше спонтано, и во тој процес се тестираа сите наши човечки капацитети и предзнаења, и воспоставени процедури, и етички моменти на комуникација... Сите членови доаѓаа со различна заднина, со различни искуства, со различни полиња на интерес и на експертиза. Сета таа координација, гледана од оваа временска дистанца, изгледа како да течела мазно. Би зборувала за неа во суперлативи, бидејќи не завршивме разделени и распарчени, ниту пак имаше повлекување на одредени членки од целата акција. Напротив, до крај опстанавме заедно. Во ситуации кога има екстремен притисок однадвор, кога си под постојана закана од Полицијата, кога си изложен на медиуми (каде што ти ги вадат нечистите алишта и ги девалвираат сите твои заложби), многу е лесно некој да се повлече.“

Дали и колку помогна меѓународната поддршка што ја добија ХОПС и Коалицијата во борбата за заштита на човековите права на сексуалните работнички?

Во отвореното писмо на СВАН (Мрежа за промоција на правата на сексуалните работници во Централна и Источна Европа и во Централна Азија), од 5 декември 2008 година се потенцираше дека „МВР на неколку начини изврши сериозни прекршувања на човековите права на граѓани на Република Македонија“, меѓу другото, и „со присилното тестирање за СПИ, кое експертите за човекови права го сметаат за нечовечки и деградирачки третман“.

СВАН потсети дека секое ХИВ тестирање мора да биде доброволно, доверливо и изведено со согласност на пациентот, и оцени дека со полициската акција „властите ги подриваат напорите на програмите за превенција во главните општествени текови и ќе ги обесхрабрат и исплашат македонските граѓани да вршат доброволно тестирање“.

Марија Тошева: „Мислам дека многу помогна... Пред сè, нам ни даде сила. Но, ни даде и алатки како да работиме со јавноста и со медиумите. Во тој момент најтешко ни беше како да се избориме

со медиумите и како да го наметнеме нашиот став. Кај нас и средината е таква, па кога ќе кажат нешто организации каква што е Human Rights Watch, тоа значи повеќе од зборовите на локалните активисти."

Отвореното писмо, објавено на страницата на Human Rights Watch, поддржано од 33 меѓународни и 2 домашни организации .

OPEN LETTER TO THE GOVERNMENT OF MACEDONIA REGARDING THE DETENTION, COMPULSORY MEDICAL TESTING AND CRIMINAL PROSECUTION OF ALLEGED SEX WORKERS IN NOVEMBER 2008

December 17, 2008

Mrs. Gordana Jankuloska, Minister of the Interior
Mrs. Aneta Stancevska, Vice Minister of the Interior and Chief of Sector for Internal Control
Mr. Bujar Osmani, Minister of Health
Mr. Idzet Memeti, Ombudsman

Dear Ministers and Ombudsman:

On this day, the International Day to End Violence Against Sex Workers, the undersigned, supporters and representatives of sex workers and organizations and individuals advocating for human rights, strongly condemn police actions in relation to the recent mass arrest of alleged sex workers in Skopje, Macedonia. We are also deeply concerned by reports that ministers of the Government of Macedonia have defended police conduct that violates a range of human rights — and in the course of doing so, have misguidedly invoked public health arguments and deliberately contributed to a climate of intolerance that will only heighten the risk of further violations, including violence, against sex workers.

Background
On the night of November 20, 2008, police from the "Bit Pazar" police station, the "Alfa" special mobile police unit and the local branch office of the Ministry of the Interior executed a large-scale raid targeting a well-known sex work zone in Skopje, arresting more than 30 people (the majority of them women alleged to be sex workers) and detaining them overnight on grounds such as suspicion of "involvement of prostitution" (a misdemeanor).

The following day, those detainees accused of being sex workers were subjected to compulsory testing by police for HIV and hepatitis B and C. Having obviously learned of this plan, representatives from several media outlets were present at the University Clinic for Infectious Diseases when the women were taken for testing. Media outlets subsequently published and broadcast photos of the women being escorted from police vans into the clinic, as well as information that they had been arrested for "involvement in prostitution" and about the streets where the raid took place. The Ministry of the Interior published on its website pictures of the detainees that had been taken at the police station.

The same day the tests were carried out, the Minister of the Interior issued a press statement in which she declared the police action was part of the government's "fight against a socio-pathological phenomenon in society and to eliminate street prostitution." The Minister also stated the testing had been done to find out if the "arrested prostitutes" were purposefully spreading infectious diseases, and that those who tested positive would face criminal charges.

On December 3rd, the Ministry of the Interior issued a press release stating that 7 of the detained women have tested positive for hepatitis C virus (HCV) and are now facing criminal charges for allegedly "transmitting an infectious disease".[1] To date, the Ministry of the

[1] Ministry of the Interior, "After the 'street prostitution' action, the hepatitis C virus found in seven persons,"

Која е главната лекција што ја научивме од акцијата „Улична проституција“ и сето она што следуваше по таа акција?

Марија Тошева: „Најголемата лекција за нас, и за сите други што во иднина можат да се најдат во таква ситуација, е навременото документирање. Во недостаток на капацитети, растрчаност, не смогнавме сили детално да го документираме сето она што се случуваше за подоцна да можеме полесно да го анализираме, да извлечеме научени лекции, да се консолидираме и да се подобриме.“

Во кои моменти почувствува дека тоа што го работиш е исправно и дека навистина им помага на жртвите?

Марија Тошева: „Првиот охрабрувачки момент беше кога 13 сексуални работнички се согласија да поведат судски процеси. Нешто што беше незамисливо претходно... Се надевавме дека ќе се нафатат само две-три. Меѓутоа, се нафатија 13, и тогаш си рековме: Добро е, мрднавме од место!
Втор момент беа писмата за поддршка што ги добивме. Тоа признание од јавноста – без оглед што најчесто беше од меѓународната јавност, иако добро ќе беше признанието да дојде и од домашната јавност – беше сепак признание и за сите заложби што ги правевме. На крај пристигна и меѓународната награда што ХОПС ја доби од Human Rights Watch и Канадската мрежа за акција за човекови права и ХИВ. Со довербата што ни ја дадоа сексуалните работнички и со поддршката, признанијата и наградите што уследија, се вреднуваше нашата работа – дека тоа што го правиме навистина има смисла.“

„МАКЕДОНИЈА: НВО ДОБИ НАГРАДА ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ХИВ И НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Застапници на правата на сексуалните работници и на корисниците на дрога беа наградени на Меѓународната конференција за СИДА
(Виена, 20 јули 2010 година)
ХОПС – Опции за здрав живот е добитник на Меѓународната награда за ХИВ/СИДА и човекови права за 2010 година, објави денес Канадската правна мрежа за ХИВ/СИДА и Хјуман рајтс воч (Human Rights Watch).
Наградата, со која се одликуваат извонредни поединци и организации кои работат на заштита на правата и на достоинството на луѓето кои се под ризик или влијание на ХИВ/СИДА, беше доделена во Виена на 20 јули 2010 година, на XVIII меѓународна конференција за ХИВ/СИДА. (...)
Оваа награда го потврдува огромниот придонес на ХОПС во потрагата по правда за сексуалните работници и во подобрувањето на нивниот пристап до здравствени, до социјални и до правни услуги.“

Правна помош и застапување на жртвите

5 декември 2008 година

До надлежниот суд се поднесени 14 барања од името на СР за испитување на законитоста на постапувањето на Полицијата во полициската акција 20.11.– 21.11.2008 година. Подоцна 1 барање е повлечено поради нецелосна и конфузна изјава на СР.

22 декември 2008 година

ОЈО покрена обвинение против 7 СР кои беа позитивни на ХЦВ при присилното тестирање.

2 февруари 2009 година

Истражниот судија го одби Барањето за испитување на законитоста на 13 СР како неосновано. Подоцна ова го потврди и Кривичниот совет на Основниот суд Скопје 1 – Скопје со што ѝ даде легитимитет на незаконската акција на Полицијата.

23 февруари 2009 година

До Дирекцијата за заштита на личните податоци, против МВР и 5 медиуми, се поднесени барања за утврдување на повреда на правото на приватност на 14 СР.

8 јуни 2009 година

Дирекцијата за заштита на личните податоци утврди дека на три од 14 барателки им е повредено правото на приватност од страна на 5 медиуми (од МВР не е најдена повреда на правото на приватност).

17 јуни 2009 година

13 СР ја тужеа РМ (подоцна по барање на Судот преиначено е против МВР, Кривичниот суд и Инфективна клиника) за утврдување на повреда на лични права.

4 декември 2009 година

7 СР се прогласени за виновни за кривично дело по чл. 205 од КЗ и осудени се со условна осуда.

12 март 2010 година

3 СР ги тужеа 5-те медиуми за кои Дирекцијата утврди дека го повредиле нивното правото на приватност.

8 април 2010 година

Од страна на бранителите на СР е обжалена кривичната пресудата со која беа прогласени за виновни по чл. 205 од КЗ.

17 ноември 2010 година

Апелациониот суд во Скопје ја потврди првостепената осудителна пресуда по чл. 205 против 7-те СР.

29 јуни 2011 година

Пуштена е Апликација/жалба до Европскиот суд за човекови права поради повреда на правата во кривичната постапка против 7-те СР, а во смисла на чл. 6 од ЕКЧП.

25 јули 2011 година

Делумно е усвоено тужбеното барање на тужителките против прво и второтуженият МВР и Основен суд Скопје 1 – Скопје во тужбата против државата.

26 јануари 2012 година

Примено е писмено известување од Европскиот суд во врска со поднесената апликација во кое е наведено дека нема наговестување на каква било појава што би ја сторила веројатна повредата на правата поради што таа е прогласена за недопуштена.

5 и 9 март 2012 година

Поднесени се жалби од МВР и од државниот правобранител за првостепената одлука на Основен Суд Скопје 1 – Скопје.

15 ноември 2012 година

Донесена е првостепена Одлука за случајот против медиумите и тужбата на сексуалните работнички е отфрлена како неоснована.

24 октомври 2013 година

Апелациониот суд ги прифати жалбите поднесени од прво и второобвинетиот (МВР и Основен Суд Скопје 1 – Скопје) и ја поништи Одлуката на првостепениот суд. Случајот е вратен на повторно разгледување во првостепениот суд.

6 ноември 2013 година

Апелациониот суд за случајот против медиумите донесе пресуда со која ја отфрли жалбата поднесена од сексуалните работнички и ја потврди Одлуката на првостепениот суд.

31 декември 2013 година

Поднесена е ревизија од адвокатите на тужителките до Врховниот суд на Република Македонија.

15 мај 2014 година (а примена е на 9.9.2014 година)

Врховниот Суд на РМ одлучи за поднесената ревизија и ја отфрли како недозволена.

Со какви предизвици се соочуваше тимот за правна помош и за застапување на жртвите од полициската операција „Улична проституција“, имајќи предвид дека се водеа долготрајни постапки?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „И сè уште се водат. Првиот предизвик со кој се соочивме на почетокот беше дали ќе стекнеме доверба кај сексуалните работнички. Откако ја стекнавме довербата од нивна страна, следниот предизвик беше како правилно да се започнат сите постапки, како најдобро да се срочат документите, како правилно да се водат постапките и да се застапуваат интересите на сексуалните работнички. Притоа постојано бевме изложени на одредени искушенија, дали да се опстане на првичната замисла или да се прифати нешто помалку вредно. На пример, самите сексуални работнички во кривичната постапка беа совршено задоволни од исходот од првостепената постапка, од условната осуда. Ним најбитно им беше да не плаќаат никаква казна и да не одат во затвор.“

Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I – Скопје негираше дека уапсените сексуални работнички биле присилно тестирани: „(лицето) доброволно се согласило да биде извршен преглед на Клиниката...“, „дала крв, без никакво противење“. Според Судот, снимањето кое било извршено критичната вечер над приведените лица „било спроведено исклучиво од стручни лица, кои најстрого внимавале на заштита на идентитетот на приведените лица, а ваквите снимки се чуваат за интерна евиденција на МВР и истите не се достапни на јавноста“.

Како што кажа, сексуалните работнички беа задоволни од пресудата. Но, дали нивниот правен тим беше задоволен од пресудата и од образложението на Судот?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Апсолутно не бевме задоволни. Како бранители воопшто не бевме задоволни затоа што тоа беше пресуда заснована на претпоставки, а не на факти докажани во постапката. Исто така не можевме да прифатиме некој да биде осуден за нешто што не го сторил, без разлика што за тоа нема да оди во затвор. Затоа ги мотивиравме сите обвинети да се жалат и покрај тоа што постоеше ризик да се жали и Обвинителството, па пресудата да биде крајно неприфатлива. Затоа тактизиравме малку со роковите. Девојките ни веруваа, ги прифатија нашите правни совети и упатствата што им ги дававме и се согласија да се обжалат првостепената пресуда.“

На какви бариери наидовте во постапката против медиумите што ги прекршија човековите права на сексуалните работнички и дали успеавте да ги надминете?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Најголема препрека во судската постапка, уште на самиот почеток, беше неприфаќањето на Решението на Дирекцијата за заштита на лични податоци од страна на Судот со кое е веќе утврдена повредата на правото

на приватност на трите тужителки. Судот упорно одбиваше да го прифати тоа Решение како основ за тужбата и упорно се обидуваше да докажува дали имало или немало повреда на правото на приватност, а тоа го правеше на несоодветен начин и со несоодветни методи. Имено, кога веќе се виде дека нема да се прифати Решението, предложивме како доказ изведување на видеоматеријалите, дури и се понудивме да обезбедиме техничка опрема. Судот прво го прифати тоа, а на наредното рочиште, кога ние пристигнавме со сите куфери за изведување на тие докази, Судот одлучи дека го поништува тоа Решение и дека нема да дозволи изведување на тие докази, дека наводно било спротивно на одредбите на постапката, што не е точно. Судот одреди вештачење, што дополнително ја одолжи постапката за повеќе од една година. На крајот на 2012 година беше усно објавена пресуда дека тужбата против медиумите се одбива како неоснована. Но, непосредно откако трите сексуални работнички го изгубија случајот против петте медиуми, добивме пресуда од Управен суд дека тужбата на Вест против Решението на Дирекција се одбива како неоснована, односно Решението на Дирекцијата за заштита на лични податоци се потврдува. Многу е симптоматично што оваа Одлука ја добивме една недела по завршување на граѓанската постапка против медиумите, нешто што беше искористено како аргумент во жалбата. Голготата во оваа постапка не заврши тука, туку наидовме на ѕид и кај Апелациониот суд што недоволно аргументирано само ја потврди првостепената пресуда поради која се жалевме. Продолживме понатаму и како вонреден правен лек поднесовме ревизија против второстепената пресуда, со цел да ги исцрпиме сите правни лекови кои ЕСЧП досега ги сметал за ефективни пред да поднесеме апликација до ЕСЧП, но и тука се постапи арбитрарно, односно Врховниот суд ја отфрли ревизијата како недозволена наведувајќи дека како вредност за постапување се смета вредноста на секое поединечно барање, а не збирно на сите тужителки. Меѓутоа, во своето арбитрарно постапување превиделе дека вредноста на тужбеното барање на барем една од тужителките е над утврдениот минимум од 500.000,00 денари. Во подготовка е апликација за пред ЕСЧП.“

———

Извадок од Решението на Дирекцијата за заштита на лични податоци со кое е веќе утврдена повредата на правото на приватност на трите тужителки. →

Директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци врз основа на член 18-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05 и 103/08) постапувајќи по Барање бр.09-272/1 од 23.02.2009 година на

I за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци сите поднесени преку полномошници , адвокат од Скопје и адвокат од Скопје, донесе

РЕШЕНИЕ

ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА Барањето бр.09-272/1 од 23.02.2009 година за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци во однос на сторена од страна на Трговско радиодуфузно друштво Телевизија ДООЕЛ Скопје, Трговско радиодифузно друштво ГВ ДООЕЛ Скопје и Трговско радиодуфузно друштво ДООЕЛ Скопје и дневните весници Друштво за новинско издавачка дејност ДОО, Редакција и Друштво за издавање и маркетинг ДООЕЛ Скопје, во однос на сторена од страна на Трговско радиодифузно друштво ДООЕЛ Скопје и Трговско радиодуфузно друштво Телевизија ДООЕЛ Скопје и дневните весници Друштво за новинско издавачка дејност ДОО, Редакција и Друштво за издавање и маркетинг С ДООЕЛ Скопје и во однос на сторена од страна на Трговско радиодуфузно друштво Телевизија ДООЕЛ Скопје и дневниот весник Друштво за издавање и маркетинг ДООЕЛ Скопје поради неовластена обработка, односно објавување на нивните лични податоци, а СЕ **ОДБИВА** Барањето бр.09-272/1 од 23.02.2009 година за наведените лица во однос на телевизиите: Трговско радиодифузно друштво ДОО Скопје. Трговско радиодифузно друштво ДООЕЛ Скопје, Телевизија Телевизија, дневните весници: Друштво за издавачка дејност ДОО Скопје, Редакција на , Издаваштво ДООЕЛ Скопје, Редакција на Редакција на дневниот весник а, ДООЕЛ - Скопје и Министерството за внатрешни работи.

Барањето бр.09-272/1 од 23.02.2009 година на

во однос на телевизиите Трговско радиодуфузно друштво ја ДООЕЛ Скопје, Трговско радиодифузно друштво ЈА ДОО Скопје, Трговско радиодуфузно друштво ДООЕЛ Скопје, Трговско радиодифузно друштво ДООЕЛ Скопје, Трговско радиодифузно друштво ДООЕЛ Скопје, Телевизија Телевизија, дневните весници: Друштво за издавање и маркетинг ДООЕЛ Скопје, Друштво за новинско издавачка дејност ДОО, Редакција Друштво за издавачка дејност ОО Скопје, Редакција на Издаваштво ДООЕЛ Скопје Редакција на Редакција на дневниот весник и ДООЕЛ- Скопје и Министерство за внатрешни работи **СЕ ОДБИВА ВО ЦЕЛОСТ.**

Образложение

И, сега во која фаза е постапката?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Постапката беше во фаза на вештачење, што е во спротивност со одредбите на постапката затоа што таму е јасно прецизирано дека тоа е посебна професионална експертиза или искуство што обичните и странски учесници во постапката го немаат, како што го нема и Судот. Сега имаме и усмена пресуда."

Значи, парадоксално, испаѓа дека Дирекцијата за заштита на лични податоци не била вешта, односно немала професионална експертиза за да утврди повреда на приватност?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Точно. Ние предложивме дури ако треба да се повикаат вешти лица од Дирекцијата за заштита на лични податоци, кои се обучени за детектирање и за препознавање на ваков вид повреди на правото на приватност, меѓутоа судијата определи како вешто лице IT инженер. Токму затоа, откако ќе ја добиеме писмената пресуда со која се одбиваат нашите барања, ќе ја продолжиме постапката со жалба."

Ги охрабривте сексуалните работнички да го тужат Кривичниот суд пред граѓански суд поради колективната судска одлука за присилно тестирање. Ги охрабривте да го тужат дури и МВР пред граѓански суд поради понижувачкиот и деградирачки третман и други повреди на правата. Каков успех доживеаја овие постапки?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Прво, за охрабрувањето на клиентките. Повеќе имавме мака да ги охрабриме клиентките дека треба да го тужат МВР, отколку Судот, затоа што повеќето од нив немаа негативни искуства со судови за разлика од секојдневните негативни искуства со МВР. Се плашеа дека ќе имаат последици доколку го тужат МВР. Но, првобитната тужба беше против Република Македонија, па потоа бевме принудени да ја адресираме против МВР. Меѓутоа, немаше враќање назад. Ниедна од тужителките не се откажа од постапката.

Имајќи ги предвид проблемите во почетокот на постапката, ние како правни застапници сметавме дека шансите да се добие случајот се многу мали. Една година изгубивме од поднесувањето на тужбата до закажувањето на првото рочиште во преписка со Судот на тема кој треба да биде тужен и како треба да ја доуредиме тужбата. На секој можен начин се наоѓаше нешто во Законот за да се откажеме или за да се дискредитира тужбата. Меѓутоа, останавме на тоа што беше. Се одржа главната расправа и случајот заврши во корист на нашите клиентки, во корист на сите 13 сексуални работнички што ги тужеа МВР и Судот. Тоа беше огромен успех, прво за нив, а потоа и за нас."

Извадок од Пресудата 2605/09 →

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ, ГРАЃАНСКИ СУД како првостепен парничен суд преку судијата Мирјана Николовска Калчиноска претседател на советот, со судиите поротници Анѓа Василеска и Драган Гроздановски членови на советот, постапувајќи по тужбата на тужителките [redacted] сите застапувани од полномошник адвокат Хајде Штерјова Симоновиќ и адвокат Туртурова Дуња од Скопје, против тужените РМ-Министерство за внатрешни работи, РМ-Основен суд Скопје 1 Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје ул. Водњанска бр.17 од Скопје, за утврдување повреда на лични права и надомест на нематеријлана штета, вредност 3.300.000,00 денари, по одржаната главна, јавна и усна расправа, заклучена на ден 11.07.2011 година во присуство на полномошниците на тужителките како и во присуство на полномошниците на сите тужени, а согласно чл. 324 од ЗПП, на ден 25.07.2011 година, ја донесе и јавно ја објави следната

П Р Е С У Д А

ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање на тужителките [redacted]

СЕ ЗАДОЛЖУВААТ тужените РМ - Министерство за внатрешни работи и РМ - Основен суд Скопје 1 Скопје, да им исплатат на тужителките надомест на нематеријална штета, поради повреда на лични права и тоа:

Туженият РМ - Министерство за внатрешни работи, да им исплати на тужителките надомест на нематеријална штета, поради повреда на лични права износ од по 90.000,00 денари за секоја тужителка поединечно, или вкупно за сите тужителки износ од 1.260.000,00 денари, со казнена камата сметано од пресудувањето 25.07.2011 година, па до исплатата, а во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му предходело на тековното полугодие зголемена за 8 процентни поени,

Туженият РМ - Основен суд Скопје 1 Скопје, да им исплати на тужителките надомест на нематеријална штета, поради повреда на лични права износ од по

Како МВР и Основниот Суд Скопје 1 – Скопје реагираа на Пресудата?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Незадоволните страни поднесоа жалба, а ние се обидовме да ја одбраниме пресудата со одговор на жалбата. Тоа е за нас најголем предизвик. Апелациониот суд ја прифати жалбата и го врати случајот на повторно разгледување во првостепениот суд.“

Кои се главните научени лекции? Кои се најголемите успеси на правниот тим, според Вас?

Хајди Штерјова Симоновиќ: „Како што кажав, по три и пол години, најголемиот успех за нас беше добивањето на едната тужба (граѓанската) против МВР и Судот. Дури и за нас како адвокати тоа беше неочекувано.

Што се однесува до научените лекции, можам да го кажам следново: без поддршка од социјалните работници и од целокупниот тим на ХОПС, само по себе правно застапување и водење на судски постапки со припадници на маргинализирани групи мислам дека е невозможно. Покрај адвокатите, мора да има и еден цел тим на поддршка кој ќе ги мотивира цело време бидејќи видовме колку време траат постапките, а некои сè уште не се завршени. На пример, може да се случи Апелациониот суд да ја врати целата граѓанска постапка на самиот почеток. Без таа психосоцијална поддршка, не верувам дека ќе успеевме самите ние како адвокати, без разлика колку добро го познаваме Законот. Уште една научена лекција, можам да кажам, многу важно е водењето на вакви стратешки случаи да не биде оставено само на еден адвокат. Најдобро е да бидат неколку адвокати, но барем еден да биде во близок контакт со клиентите, од самата организација што им дава поддршка. Тоа е многу важно поради овозможување и стекнување на доверба во одредени клучни моменти."

Видеозастапување

Кога и со која цел започнавте со продукција на видеоматеријали?

Марија Тошева: „Во текот на 2008 година, ХОПС во соработка со ВИТНЕС започна да работи на воведување на видеото како алатка за застапување на правата на маргинализираните заедници. Целта на првото осмислено видео беше да се изложи еден од најгорливите проблеми на сексуалните работници во Македонија – насилството со кое се соочуваат и улогата на институциите, особено на Полицијата во спречување или поттикнување на тоа насилство.

Во моментот кога се случи акцијата 'Сузбивање на уличната проституција' стана јасно дека тоа е своевидна студија на случај на системско насилство во која институциите наместо да заштитуваат – ја засилуваат негативната перцепција кон сексуалните работнички и со тоа отвораат простор за дополнително насилство."

На што, поконкретно, се однесува сценариото на првото видео?

Марија Тошева: „Во оригинално предвиденото сценарио се вклучи и акцијата како школски пример на системско насилство, при што беа документирани приказните на 5 сексуални работнички од Скопје, од кои 3 беа жртви на рацијата, како и активистите кои ја анализираа одблиску акцијата. Резултатот беше продукција на видеото 'Треба да знаеш за мене – права, не насилство за сексуалните работници во Македонија'
(http://hub.witness.org/en/YMKAM).

Ова видео се покажа како една од посилните алатки што овозможи отворање на темата за насилството и за улогата на различни институции во третманот на сексуалните работници, и тоа на повеќе нивоа."

Како Ви помогна видеото да комуницирате со публиката?

Марија Тошева: „Прво, видеото овозможи присуство на гласовите/перспективата на сексуалните работнички на места каде што инаку не би биле слушнати – на панели, на трибини, на затворени состаноци со клучни лица. Потоа овозможи висока безбедност на сведоците (сексуалните работнички) преку контролирано затскривање на идентитетот и контролирана употреба во јавноста...

Сексуалните работнички беа претставени како свесни луѓе наместо како бројки, што придонесува за разбивање на стереотипите што беа креирани и пренесувани за нив во јавноста. Тоа се сепак жени, мајки, сопруги, кои имаат свое видување на нивниот живот и избор, кои размислуваат, чувствуваат и бараат основна почит и достоинство.

Видеото овозможи одржување на интересот за темата и директно застапување и долго време по случувањата во ноември 2010 година – преку низа прикажувања и дебати што ги отвори прашањата за криминализација на ХИВ/СПИ статусот, за судската пракса, за надлежностите на Полицијата, за заштитата на човековите права и слично.“

На кои места се прикажуваше видеото?

Марија Тошева: „Во текот на 2009 и 2010 година, видеото беше прикажано на 4 работилници со новинари и на една панел-дискусија; потоа на два семинара за Полиција и недискриминација (30 инспектори), и на една панел-дискусија на Полициска академија (50 студенти и постдипломци); пред Глобалната комисија за ХИВ и право; најразлични настани организирани меѓу заедницата на сексуални работници низ цела Македонија со основна цел зајакнување и мобилизација (Скопје, Гостивар, Струмица, Охрид); на различни конференции и интернационални средби – СВАН во 2009 година, Зуница ЛГБТ фестивал во Македонија, во 2010 година, ИХРА во 2010 година, во Ливерпул, ИАС Виена во 2010 година, ГФАТМ – Женева. Со оглед дека темата на насилство и на криминализација на сексуалните работници е глобален проблем, многу интернационални групи го препознаа видеото како алатка за застапување и во своите земји при што видеото беше преземено и користено за најразлични цели и во: Холандија, Бугарија, Црна Гора, Србија, Албанија, Казахстан, Киргистан, Јужна Африка, Тајланд, САД - Њујорк.“

Дали успехот со првото видео Ве охрабри да продолжите да ја користите оваа алатка?

Марија Тошева: „Препознавајќи ги значењето и можностите што ги дава употребата на видеото во стратегиите за застапување, ХОПС продолжи да ги видеодокументира сите настани што следуваа по акцијата – судски постапки, процеси на документирање и застапување. Документирањето на судските постапки што произлегоа по акцијата можете да го проследите преку видеото ’Чекајќи го неизбежното‘ (http://www.aktivizam-video.net/node/11).“

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“,
Скопје



www.hops.org.mk

Поддржано од:



и Фондации отворено општество
(Open Society Foundations)

www.hops.org.mk
Скопје, 2015